**ЈАВНО ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ФАТФ**

**ОД 14 ОКТОМРВИ 2009 ГОДИНА ЗА**

**ИРАН, УЗБЕКИСТАН, ТУРКМЕНИСТАН, ПАКИСТАН И SAO TOME AND PRINCIPE**

## <u>ИРАН</u>

ФАТФ е загрижен од недоволниот ангажман на Иран и неговиот неуспех да ги надмине постоечките и суштинските недостатоци на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. ФАТФ останува особено загрижен за неуспехот на Иран да одговори на ризикот од финансирање на тероризам и на сериозната закана за интегритетот на меѓународниот финансиски систем. ФАТФ го повика Иран веднаш и значајно да го надмине недостатоците на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, да го криминализира финансирањето на тероризмот и ефикасно да ги спроведува барањата за известување сомнителни трансакции (STR).

ФАТФ повторно го потврдува својот повик и ги заложува сите јурисдикции да ги советуваат финансиските институции да посветат посебно внимание на деловните односи и трансакции со Иран, вклучувајќи ги и ирански компании и финансиски институции. Во прилог на зајакнатата контрола, ФАТФ го повторува својот повик од 25 Февруари, 2009 година и ги повикува сите јурисдикции да се применат ефективни мерки за заштита на финансиските системи од ризиците на перење пари и финансирање на тероризам кои потекнуваат од Иран. ФАТФ продолжува да ги поттикнува јурисдикциите да се заштитат од кореспондентски односи кои се користат за да се заобиколат или избегнат мерките и практиките за управување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам, кога ги разгледуваат барања на иранските финансиски институции да отвораат филијали и подружници на нивната јурисдикција. Ако Иран не преземе конкретни чекори да го подобри својот систем за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, ФАТФ ќе ги повика членовите да ги зајакнат мерките во февруари 2010 година.

## <u>УЗБЕКИСТАН</u>

ФАТФ ги поздравува значајните мерки кои Узбекистан ги презема за да воспостави рамка на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и го повикува да продолжи со спроведување на ефективни мерки за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. ФАТФ ја поздравува евалуацијата на Узбекистан од страна на EAG која ќе биде финализирана на пролет во 2010 година.

ФАТФ ќе продолжи да го следи напредокот во Узбекистан и во февруари 2010 година ќе ги преиспита мерките кои во моментов ги спроведува кон Узбекистан за заштита на финансиските сектори од ризиците од перење пари и финансирање на тероризам кои произлегуваат од Узбекистан.

**ТУРКМЕНИСТАН**

ФАТФ го поздравува напредокот на Туркменистан во усвојувањето законите и подзаконските акти за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Сепак, останувaат недостатоците на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Туркменистан, вклучувајќи го непостоењето на финансиска разузнавачка единица (ФИУ). Следствено, ФАТФ ја повторува својата изјава од 25 февруари 2009 година, информирајќи ги финансиски институции дека недостатоците системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам го прават ранлив меѓународниот финансиски систем и дека тие треба да преземат соодветни мерки насочени кон овој ризик. Туркменистан потребно е да се продолжи да презема чекори за спроведување на систем за спречување на перење пари и финансирање на тероризам според меѓународните стандарди. Туркменистан, се охрабруваат да продолжи да соработува со EAG и и Меѓународниот монетарен фонд.

**ПАКИСТАН**

ФАТФ ја поздравува блиската соработка меѓу Пакистан и APG, но останува загрижен од ризикот на перење пари и финансирање на тероризам и ја потврдува својата изјава од 28 февруари 2008 година. Конкретно, ФАТФ изразува загриженост дека рокот на примена на Декретот за спречување на перење пари на Пакистан истекува на 28 ноември 2009 година. ФАТФ забележува дека Пакистан започна законодавен процес за решавање на овој проблем. ФАТФ силно го повикува Пакистан да имплементира постојана рамка за спречување на перење пари  финансирање на тероризам пред истекот на Декретот и силно го поттикнува да воспостави сеопфатна рамка за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во случај да отсуствува конкретен напредок, ФАТФ во февруари 2010 година ќе преземе мерки за заштита на финансискиот систем од ризиците на перење пари и финансирање на тероризам кои потекнуваат од Пакистан.

**SAO TOME AND PRINCIPE**

ФАТФ ги поздравува континуираните напори на  Sao Tome and Principe за спроведување на законите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, вклучувајќи го и развојот на Акциониот план на GIABA. Сепак, ФАТФ

останува загрижен за недостатоците на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Sao Tome and Principe, особено во врска со финансирањето на тероризам. ФАТФ го повикува Sao Tome and Principe да продолжи да соработува со GIABA за надминување на утврдените недостатоци на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.